РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-3592/3

17-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 67-мата седница одржана на ден 13.05.2022 година ја донесе следната

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-3650/1 од 21.10.2020 година, оформен по доставена пријава против --------------------------- – директор на -------------------------------------------------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување од причина што наводите од пријавата не се потврдени.

Предметот со број 12-3650/1 од 21.10.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на познат подносител на ден 21.10.2020 година, поднесена е пријава против ------------------------ – директор на ------------------------------------------------- и оформен е предмет број 12-3650/1 од 21.10.2020 година.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконско и нетранспарентно доделување на финансиски средства од страна на -----------------------------------------------------------. Имено, во пријавата од страна на подносителот се наведува дека во три наврати поднел барање за финансиска помош за како што наведува подносителот – неговиот изум и со одговори од 07.08.2018 год., 10.12.2019 год. и 09.01.2020 год. без соодветно образложение неговите барања биле одбиени, а од друга страна средства биле доделувани на компании по основ на врски и пријателства кои само истражувале а не се знае дали дошле до нов производ. Во пријавата подносителот исто така наведува дека во 2019 година поднел и претставка на добиениот одговор. Подносителот бара да се испитаат неправилностите доколку ги има и да се запознае јавноста дали парите правилно се доделени, кој е ефектот од нивното трошење и колку новovработени има во ова делење на средства.

Заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет, Државната комисија достави барање за прибирање на информации до -

-------------------------------------------------------------. Од страна на ---------- е доставен одговор на барањето со прилог барањата на подносителот и одговорите на истите.

Во одговорот, ------------------------------------------------------- известува дека ги доделува средствата преку објавен јавен повик на кој сите заинтересирани субјекти кои ги исполнуваат условите можат да поднесат апликација, а воедно дава краток осврт на содржината на јавниот повик, процесот на евалуација и донесувањето на конечната одлука за финансирање од страна на Комитетот за одобрување на инвестиции. Во врска со барањата на подносителот, -------------------- известува дека истиот воопшто нема аплицирано на јавен повик. Во периодот на барањата ------------------ имал отворено и спроведено 14 јавни повици, на кои истиот можел да аплицира. Видно од одговорите на неговите барања доставени во прилог, во нив е образложен начинот на работа и начинот на доделување на финансиските средства, а на подносителот му е посочено на активни јавни повици во моментот на поднесувањето на барањето.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека наводите не се потврдени поради што нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: Н.Б., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**